# ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

Студиска програма: **КРИМИНАЛИСТ**

Времетраење на студиската програма: **4 години**

ЕКТС кредити: **240**

## Цели на студиската програма

**Основна цел** на студиите (за стручно и научно усовршување – прв степен, и мастер – втор циклус на студии од областите на и безбедноста и криминалистиката), е поставување на национален систем на образование што ќе биде конститутивен и компатибилен со меѓународно признатите стандарди во тие области.

**Посебна цел** на студиите е оспособување на високостручни и компетентни кадри за работа во институции и служби од соодветната област, како и научно-истражувачка и наставно-образовна работа во областа на криминалистичко-криминолошките и безбедносните науки.

**Задачи** на студиите се:

а) Изучување на теоретските и практични проблеми од областа на безбедноста, криминалистиката, криминологијата, полициските науки и др. како основи за успешна работа за реализација на практични и теоретски активности како оперативни, аналитички, специјалистички, научно-истражувачки и научно-образовни задачи;

б) Оспособување на кадрите (специјалисти и магистри) за самостојни и тимски научно-стручни истражувања од наведените области и проблеми, како и примена на научните и стручните сознанија во практиката;

в) Поттикнување и натамошно развивање на научната мисла во овие области, како основен предуслов за ефикасна организација и ефективност во борбата против криминалитетот и општествено негативните појави и тенденции, како и постигнување на оптимално ниво на безбедност и заштита на општествените и личните вредности на граѓаните;

г) Остварување на други општествено оправдани цели што произлегуваат од остварувањето на основните задачи на високото образование и науката во развивањето на научната мисла и нејзината примена во практиката, како и од посебните задачи на Факултетот за безбедност во подготвувањето на високо стручни кадри и развивање на научната мисла во системот на безбедноста и борбата против криминалитетот и општествено негативните појави и тенденции;

Со наставата на студиите ќе се обезбеди:

а) Високо научно и стручно ниво на студии во склад со современиот и развојниот тренд на криминалистичко-криминолошките и безбедносно-полициските науки;

б) Изучување на нови и продлабочување на стекнатите знаења на повисоко ниво од претходното образование, а во функција на издигнување на професионалната дејност и поефикасна безбедност и заштита;

в) Насочување и оспособување на студентите за самостојна и креативна научна и стручна работа во текот на студиите и после тоа;

Како **главната целна група** се студентите кои се заинтересирани за образование во областа на криминалистиката, безбедноста, полициските, правните и општествените науки, а во тој склоп превенцијата и справувањето со криминалитетот и другите социо-патолошки појави и негативни тенденции.

**<u>Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)</u>**

**знаења и разбирање**

- стекнување знаења за факторите кои влијаат на безбедноста и функционирањето на институциите во безбедносниот сектор;
- знаење за раководење и учество во научни, стручни и апликативни проекти за идентификација и поставување на проблем;
- стекнуваат знаења за примена на методите и техниките за анализа и евалуација на безбедносните процеси, состојби и институции;
- стекнуваат знаења за методите за анализа на причинско-последичните врски помеѓу општествените појавите, процеси и безбедноста;
- стекнување знаења за обврските на националните законодавства и институциите во безбедносниот сектор во процесот на евроатлантски интеграции;
- стекнување знаења за капацитетите на институциите надлежни за имплементација на условите за членство во ЕУ и НАТО;
- разбирање на целите и функциите на институциите од областа на безбедноста во функција на одржување и обезбедување на националната безбедност и управувањето со кризи;

**примена на знаењето и разбирањето**

- Покажува професионален пристап кон работата.
- Покажува компетенции за идентификација на безбедносните појави и процеси, ги анализира истите и ги предвидува методите, средствата и начините на спротивставување на загрозувањето на безбедноста од различни поединци, групи и средини.
- Може да го примени знаењето и разбирањето во преземање оперативно тактички мерки и дејствија;
- Покажува компетенции да реализира криминалистичко-технички вештачења и докажувања, да применува научно-технички методи за регистрација и идентификација на лица, предмети, пронаоѓање, фиксирање и докажување на материјалните траги;
- Способност во оперативната пракса брзо да ги препознае сите индикатори од психолошка природа и успешно да ги совлада сите проблеми во конкретни ситуации (апсење, приведување, потера, нарушување на ЈРМ, граѓански немири и сл);
- способност да оценува теоретски и практични прашања и проактивно и реактивно да постапува во сузбивање на криминалитетот;

- Способност за проценка за соодветно постапување со жртвата на кривичното дело; да применат практични службени постапки на приведување, легитимирање, врзување со лисици;
- да совладуваат простор со усложнети и отежнати природни и вештачки пречки; да применат елементарни одбранбени техники на удари и блокади;
- да ги применува етичките норми и кодексот на однесување на полицијата;
- да учествува во откривањето на терористички групи; да учествува во успешно откривање, расветлување и докажување на извршени и пријавени кривични дела од општиот криминал; да ја менаџираат работата во безбедносните институции;
- да учествува во справување на акции за справување со критични настани; ги пронаоѓа најадекватните мерки за пронаоѓање, оневозможување и прибирање на материјал за докажување на истите; ги пронаоѓа и поткрепува аргументите добиени врз основа на податоците и информациите на кои за предмет на истражувања се безбедносните појави, за делување кон тие појави.

**способност за проценка**

- Преку споредувањето на податоците и информациите врши критичко оценување на резултатите, оценување на нивната веродостојност, навременост и соодветност, споредување и синтеза со веќе добиените сознанија и градење на стратегии за делување спрема тие појави;
- да биде способен да ја анализира и оценува безбедносната ситуација и да превзема мерки за заштита на виталните интереси на државата кои се нарушени од облици и извори на загрозување од внатре и од надвор;
- способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.

**комуникациски вештини**

- Да биде способен да комуницира и дискутира со стручната и нестручната јавност за информации, идеи, проблеми и решенија во областа на безбедноста, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани;
- да презема поделена одговорност за колективни резултати;
- способност за независно, самостојно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии со своите колеги, пошироката околина во рамки на областите кои ја третираат безбедноста како предмет на елаборација.

**вештини на учење**

- Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно учење на безбедносните појави и процеси, со висок степен на независност.

## ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ

### Семестар 1

***Основи на правото и уставно право*** *(6 ЕКТС)*

Цел на предметната програма како базичен предмет од прва година на студиите е студентите да се стекнат со основни познавања за државата и правото и со основните поими, концепти, институти и институции поврзани со уставното право. Со тоа се овозможува студентите да стекнат солидна основа за совладување на останатите правни дисциплини во нивното понатамошно студирање. При тоа студентите ќе имаат можност да стекнат познавања од материја која се однесува на: организацијата на државната власт, системот на правото, поимот на устав и сите негови општи и посебни карактеристики, темелните вредности на уставниот систем на Република Македонија, како и статусот, организацијата, положбата и функционирањето на централните органи.

***Кривично право*** *(6 ЕКТС)*

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- ги разбере и препознава основните кривично-правни институти
- стекне знаење и вештини за да ги препопзнава законските битија на кривичните дела, со цел за докажување на кривичното дело и кривичната одговорност на виновниот сторител
- ги совлада техниките, стекне знаење и вештини за да ги поврзува оперативните криминалистички сознанија за начинот, средствата, времето, местото и просторот на извршување на конретно кривично дело, со одредена фактичка состојба за одреден кривично-правен настан
- ги совлада техниките, стекне знаење и вештини за да поголема ефикасност во оставрувањето на заштитната функција на кривичното право, што ја имаат надлежните органи за спроведување на Кривичниот законик.

***Вовед во полициски науки*** *(6 ЕКТС)*

Целта на предметот е да ги воведе студентите во терминологијата која се користи во полициските и безбедносните науки, а фокусот е ставен на систематизацијата на знаењата и поимите за полицијата. Тргнувајќи од определувањето на поимот „полиција", односно спознавање за тоа што претставува полицијата - во организациска и функционална смисла, т.е. се дава преглед на тоа што е полицијата како институција и кои се нејзините извршители, статус и функции.
Научната дисциплина „Вовед во полициски науки" има за цел да ги интегрира основните поими и знаења од сферата на полицијата, како и од другите полициски науки, и да ги поврзе и презентира на единствен, осмислен начин, според посебна методологија.
Задачата на предметот е да ги интегрира знаењата од другите науки кои се однесуваат на полициската организација или дејност. Предметот нема за цел да ги замени останатите полициски науки, туку да ги интегрира оние поими и елементи кои им се заеднички и да ги презентира на единствен начин, како нивна основа и како можност студентите преку изучување на другите предмети од Катедрата за полициски науки да направат надградба на стекнатите знаења.

***Вовед во криминалистика*** *(6 ЕКТС)*

Цели на програмата се студентите низ систематски пристап да се запознавааат и оспособуваат со знаења од областа на  криминалстичката наука како трихотомна целина. Низ мултидисциплинарен пристап изучување на  процедурите на криминалистичкото постапување ( низ гносеолошко-спознајната и хеуристичката дејност) во рамките на предкривичната и кривичната постапка како единсвен процес за фундирано истражување на злосторствата и нивните сторители. Оспособување и стекнување со компетенции  за ефикасно и ефективно откривање, истражување, разјаснување и докажување на казниви дела и сторители , како и за превенција на криминалитетот.

***Англиски јазик 1*** *(3 ЕКТС)*

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста. Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста. Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите. Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

***Информатика*** *(3 ЕКТС)*

Студентите добиваат основни вештини за работа со едитор на текст (МС Њорд)

***Македонски јазик со култура на говор*** *(3 ЕКТС)*

Утврдување и проширување на знаењата  по македонски јазик (граматика) стекнати во претходното образование и оспособување за практична и стручна примена на македонскиот јазик во говорена и во пишувана форма.

***Вооружување и опрема*** *(3 ЕКТС)*

Запознавање на студентите со вооружувањето, муницијата, експлозивните материи, балистичко-заштитната опрема кои воглавно се употребуваат во полицијата.

## Семестар 2

***Криминологија*** *(6 ЕКТС)*

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- ги разбере и препознава ендогените фактори кои влијаат на криминалот, како индивидуална (поединечна) појава, како што се: темпераментот.карактерот, интелигенцијата и мотивите на сторителот за вршење на конкретно кривично дело, со цел за успешно профилирање на можен сторител и пронаоѓање на вистинскиот виновен сторител
- ги разбере и препознава егзогените фактори кои влијаат на криминалот, како индивидуална (поединечна) појава, како што се семејството, училиштето, работната средина, круговите (друштвото, локалите) каде се движат и регрутираат потенцијални сторители на одредени кривични дела, со цел за успешно профилирање на можен сторител и пронаоѓање на вистинскиот виновен сторител
- стекне знаење и вештини за да ги поврзува криминолошките сознанија за новите појавни облици на определени кривични дела со конретно кривично дело извршено од страна на можен сторител со одреден психолошки и социјален профил, со цел за пронаоѓање на вистинскиот виновен сторител

### ***Криминалистичка тактика 1 (6 ЕКТС)***

Способност за идентификување, формулирање и решавање основни проблеми во полето криминалистиката преку употреба на постоечки методи.

### ***Основи на економија (6 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да ја разберат улогата на економијата во општествениот живот. Преку основните економски категории,поими, теории студентите треба да се здобијата со знаење со основите на микроекономија и макроекономијата.

### ***Психологија на криминалното однесување (6 ЕКТС)***

Студентите да ја разберат улогата на психолошките фактори во настанокот и развојот на криминалното однесување.
Да научат да го проценуваат подрачјето на емоциите, мотивацијата и моралниот развиток и нивната важност во формирањето на личноста. Да ја разберат етиологијата на криминалната личност и психолошките карактеристики на одредени типови на криминалци, особено профил на насилни извршители на кривичните дела (убиства, експлозивно насилство, сексуални насилства, семејно насилство); да ги разликуваат психопатските од непсихопатските извршители на кривичните дела.

### ***Задолжителна активност по Специјално физичко образование (0 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да покажат успешно адаптирање кон специфични услови на работа во кои е неопходно манифестирање на зголемени психо-физички напори, да покажат знаење и разбирање за изведување на елементарни техники на паѓање и да покажат знаење и способност за реализирање на индивидуални и групни проектни задачи надвор од редовната настава.

***<u>Превенција на криминалитет (4 ЕКТС)</u>***

Да се оспособат студентите за планирање, дизајн и евалуација на превентивни програми и истражувачки проекти од областа на превенција на криминалитетот преку стекнување соодветни знаења за превенција на криминалитетот и безбедност во заедницата.
**Задачи и очекувани резултати:**
**а) Знаења и разбирања:** Запознавање на студентите со новите трендови во превенцијата на криминалитетот како концепт и како процес на градење превентивна стратегија за справување со криминалитетот.
**б) Вештини:** Развивање на студентите вештини и компетенции за развој на превентивни модели во справување со криминалитетот и создавање безбедни средини за живеење, преку планирање соодветни превентивни механизми и развој на превенција базирана на знаење и на докази.

***<u>Англиски јазик 2 (4 ЕКТС)</u>***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста. Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

## Семестар 3

### *Криминалистичка тактика 2 (6 ЕКТС)*

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за методиката на истражување на кривичните дела преку проучување на истражните дејствија, нагледните средства, постапувањето на надлежните државни органи и друго.

### *Кривично процесно право (6 ЕКТС)*

Проучување на правните норми со кои се уредува положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на процесните дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи.

Изучување на основните процесни институти, начелата на кривичната постапка, нејзините субјекти, докажувањето и доказните средства, како и мерките за обезбедување присуство на лица и на предмети во кривичната постапка. Стекнување на продлабочени знаења за текот на кривичната постапка, и добивање на целосна претстава за нејзиното поведување, текот и завршувањето, како и системот на правните лекови и посебните постапки.

### *Основи на безбедност и безбедносен систем на Република Македонија (6 ЕКТС)*

Студентите да ги завладеат основните академски знаења од областа на безбедноста, категоријалните концепти на безбедноста, системот на безбедност, загрозувањата на безбедноста,современите глобални загрозувања, разузнавачките и безбедносно-контраразузнавачките служби и структурата и функцијата на безбедносно-разузнавачкиот систем на Република Македонија, како темел во натамошното изградување на посебни и специфични знаења на студиската програма – европски интеграции и безбедност.

### *Задолжителна активност по Специјално физичко образование (0 ЕКТС)*

Целта на предметната програма е студентите да покажат зголемена способност за адаптирање кон специфични услови на работа во кои е неопходно манифестирање на психо-физички напори, да покажат повисоко ниво на знаења при изработка на индивидуални и групни проектни задачи надвор од редовната настава, да покажат познавање и разбирање за изведување на елементарни техники на ставови, удари и блокади.

### *Криминалистичка психопатологија (6 ЕКТС)*

Студентите да научат да препознаваат отстапувања во психолошкото функционирање, да ги препознаваат главните психолошки пореметувања, да ја разбираат класификацијата на овие пореметувања, да овладеат со терминологијата, да го разберат диференцијално- дијагностичкото разликување на психичките пореметувања , да овладеат со релевантните теории за настанокот и развој на психичките пореметувања.

***Социјална патологија (6 ЕКТС)***

- Запознавање со основите на социјалната патологија, социопатолошките однесувања и општествената реакција
- Усвојување на потребните знаења за успешно препознавање и делување во превенирањето на социопатолошките појави
- Совладување на научните сознанија од областа на социопатологијата во функција на создавање поволна безбедносна состојба, изградба на стабилен безбедносен систем и водење успешна социјална политика како дел од безбедносната политика.

***Англиски јазик 3 (6ЕКТС)***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста.
Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

## Семестар 4

***Криминалистичка техника (6 ЕКТС)***

Запознавање и оспособување на студентите со стручни и научни сознанија, методи и техники од областа на: криминалистичката идентификација и регистрација и истраги на место на настан. Стекнување на вештини за обезбедување на материјални траги и нивно соодветно вештачење.

***Управно право (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма: стекнување на општи знаења од управното право, управната и прекршочната постапка и управниот спор.

***Методика на истражување општ криминалитет (6 ЕКТС)***

Стекнување со знаења за појавните форми и облици на општ или класичен криминалитет, начини, методи, мерки и дејствија на откривање, расветлување и докажување на кривичните дела и идентификација на сторителите на општ криминалитет.

***Полиција и човекови права (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма е систематизирање на материјата од областа на човековите права (меѓународни документи, национална легислатива како и во теориските анализи за одделни прашања), во функционална целина соодветна на потребите на демократското општество. Анализа на специфичната улога што ја има полицијата во демократското општество во смисла на почитување и заштита на човековите права и слободи. Во рамките на наставниот процес ќе бидат проучени изворите на актуелниот систем, базичните принципи и практиката, употребата и ограничувањата на меѓународниот систем на договори и конвенции, односот меѓу меѓународните

обврски и националната имплементација.Задача на наставата во рамките на овој предмет е да им овозможи на студентите:

- стекнување знаења од областа на човековите права и слободи,
- согледување на човековите права како основа на функционирање на демократското општество,
- развој на интелектуални вештини за перцепција на ситуациите и активностите низ призмата на концептот за човековите права,
- алатки за практикување и заштита на човековите права,
- воочување на проблемите и контрадикторностите во имплементацијата на концептот и
- ќе ги зголеми критичките и аналитички вештини во однос на материјата за промоција и заштита на човековите права и слободи.

***<u>Задолжителна активност по Специјално физичко образование (0 ЕКТС)</u>***

Целта на предметната програма е студентите да покажат зголемена способност за адаптирање кон специфични услови на работа во кои е неопходно манифестирање на психо-физички напори, да покажат повисоко ниво на знаења при работа на индивидуални и групни проектни задача надвор од редовната настава, да покажат познавање и разбирање за изведување на странични, рачни, ножни и пожртвувани техники на фрлање, техники на загушување, држење и лостови.

***<u>Полиција во заедницата (4 ЕКТС)</u>***

Студентот знае за соработката на полицијата во заедницата Умее да приднесува и да се развиваат демократски процеси, Ја разбира важноста на соживотот и вредностите на заедницата неопходни за безбедноста на граѓаните;
Умее, на примери, да предлага решенија, да нуди алтернативи за соработка на полицијата и граѓаните и ги означава, а може и да примени алатки за анализа како што е SWOT. Студентот умее да идентификува и разрешува проблем, да нуди основа за изработка на проект како средство за поттикнување и разрешување на прашањата поврзани со потребите интересите на граѓаните во локалната заедница.

***<u>Систем на приватна безбедност (4 ЕКТС)</u>***

- Запознавање со основите на потсистемот на приватната безбедност како дел од интегралниот безбедносен систем, неговата положба, улога и функција
- Усвојување на потребните знаења за успешно препознавање и делување во пречувањето, сузбивањето и намалувањето на сите можни аномалии во работењето на секторот на приватната безбедност, односно, приватизирањето на безбедноста
- Совладување на научните сознанија од областа на приватната безбедност во функција на успешно работење во овој сектор, создавање и одржување поволна безбедносна состојба, изградба на стабилен безбедносен систем и водење успешна безбедносна политика

***<u>Англиски јазик 4 (4 ЕКТС)</u>***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста.
Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.

## Семестар 5

### ***Методологија на истражување на безбедносните појави (6 ЕКТС)***

Редовен или вонреден студент кој согласно Правилата за студирање на Универзитетот се стекнал со право за упис во III година на студии, кој редовно ги извршува обврските утврдени со Правилата за студирање на Факултетот за безбедност и оваа студиска програма.

### ***ВиктимологијА (6 ЕКТС)***

Стекнување на научно релевантни созанија за влијанието на на жртвата ка кривичното дело на појавата на криминалитетот погодни да бидат искористени на планот на ефикасна превентивна политика, откривање на непознат сторител и дело, обезбедување на докази поврзани со жртвата, осознавање на улогата на полицијата во спречувањето на виктимизација и виктимизирањето, како и во давањето на помош и подршка на жртвата.

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- го разбере значењето на проучувањето на жртвата на криминалитетот за криминогенезата и виктимогенезата
- го препознава местото на жртвата/ оштетениот во системот на кривичното дело;
- се мотивира практично да ги примени виктимолошките сознанија на планот на превенцијата иоткривањето на непознат стрител;
- го сфати значењето на соработката на жртвата со органите на системот на кривичната правда (пријавувањето, откривањето и прбирањето на докази, учество во постапката, извршувањето на санкцијата и др.)

да стекне основни вештини за водење разговор со жртвата/оштетениот

### ***Меѓународно јавно право (6 ЕКТС)***

Статусот на Република Македонија како земја-кандидат за членка на ЕУ ја потенцира потребата од едуцирање на студентите за принципите на меѓународното јавно право. Целта е студентите да ја разберат улогата на правото во меѓународната заедница, а меѓународните правни институции да ги гледаат не како апстрактни, туку истите да ги следат развојно. Изложената динамика на меѓународното право ја илустрира тензијата меѓу традиционалното право, поврзано со државниот суверенитет, и новото т.н. "меко" право инспирирано со новите вредности во меѓународната заедница. Програмата овозможува запознавање и систематско проучување на прашањата од теориска и практична природа поврзани со проце-сот на меѓународно, меѓудржавно и други видови на решавање на споровите по мирен пат. Аналитичкиот дел од програмата има за цел кај студентите да развие вештини на критичко размислување. Деталното проучување на организацијата, функционирањето и практиката на Меѓународниот суд на правдата, овозможува тие да усвојат нови знаења за поважните случаи на пресуди и советодавни мислења на овој главен судски орган на ООН.

### ***Еколошка криминалистика (6 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за методиката на истражување на еколошкиот криминалитет (националното законодавство, кривичните дела), нагледните средства, постапувањето на надлежните државни органи и друго.

***<u>Задолжителна активност по Специјално физичко образование (0 ЕКТС)</u>***

Целта на предметната програма е студентите да покажат основно познавање и разбирање за изведување на елементарни техники на лостови, да покажат повисоко ниво на знаење, познавање и разбирање за изведување на комбинирани техники на самоодбрана, да покажат способност и вештина при демонстрирање техники на самоодбрана во ситуации коа се спречува невооружен и вооружен напад.

***<u>Методика на истражување на пожари и експлозии (3 ЕКТС)</u>***

Оспособување на студентите за самостојна работа при вршење на разни експертизи (вештачења) при разни пожарии и експлозии, без разлика да ли се тие како последица на самите пожари или пак предизвикани во други околности од разни материи и експлозивни средства

***<u>Полициска етика (3 ЕКТС)</u>***

**Полициска етика** е теориско емпириска, дисциплина. Целта на предметот е да ги систематизира знаењата и да ги објасни претпоставките на кои се темели современата полициска организација, а потоа да ги објасни прашањата од кои зависи добрата работа на полициските службеници.

***<u>Европско право (3 ЕКТС)</u>***

Цели на предметната програма се студентот да се стекне со следниве компетенции:

- Да го разбира , да може да го следи  и анализира развојот на ЕУ ( и влијанието што го има на РМ)
- Да може да ги поучува основните тенденции на развој на политиките на ЕУ особено во областа на „бившите„ втор и трет столб на ЕУ
- Да биде способен да комуницира и дискутира за прашања поврзани со институциите  и политиките на ЕУ

## Семестар 6

### ***Меѓународни односи со меѓународна полициска соработка (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да може да ги разбере  и проучува различните облици на однесување на државите и другите меѓународни субјекти на меѓународен план,
- Да може да ги идентификува и оценува основните тенденции на меѓународниото делување и да ги согледа перспективите на таквото делување (особено во областа на безбедноста)
- Да може да ја разбере улогата и одговорноста  на меѓународните полициски организации и други договори на полициска соработка, и да учествува во работата на истите

### ***Економска криминалистика (4 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни знаења за економската криминалистика, која е разликата помеѓу класичниот и економскиот криминал, знаења и познавања за својствата на сорителите на економските кривични дела и специфичностите во процесот на препознавање на овие деликти, како и знаења и вештини за криминалистичката контрола и криминалистичката обработка на овие деликти за кои се надлежни повеќе државни органи и институции и инспекциски служби.

### ***Криминалистичко разузнавање (6 ЕКТС)***

Способност за прибирање, анализирање и презентирање информации преку употреба на постоечки методи.

### ***Полициско право и примена на овластувања (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма е изучување на општите правни норми со кои се уредува безбедноста во општетсвото, а особено организацијата, дејноста и контролата врз полицијата во остварувањето на својата функција.  Се занимава со изучување на правните норми преку интегрирање на знаењата од другите науки кои се однесуваат на полициската организација и дејност. Задача на наставата во рамките на овој предмет е да им овозможи на студентите:

- Стекнување на знаења за правните норми кои ја уредуваат организацијата, делокругот и надлежноста на полицијата во казнено-правниот систем
- Развивање на продлабочено разбирање на улогата на полицијата во демократското општество
- Развивање на интелектуални вештини за критичко разбирање на полициското работење во општествено- историски контекст
- Согледување на плурализмот на полициското работење и воочување на доминантните разлики
- Стекнување вештини за идентификација и примена на полициски овластувањња

### ***Специјално физичко образование (3 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да покажат основно познавање и разбирање за примена на методите (техниките) за приведување, врзување, претресување, прегледување и легитимирање, да демонстрираат способност за учество во тимска работа при спроведување на практични службени (полициски) постапки, да демонстрираат вештина за препознавање на специфични ситуации во кои е неопходо да се применат сретствата за физичка присила (физичка сила, сретства за врзување, полициска палка и огнено оружје).

***Психологија на комуникаци (3 ЕКТС)***

Стекнување на теоретски и практични знаења од психологија на комуникација ; разбирање на различни видови на комуникација (невербална, вербална, емпатична);препознавање и разбирање на комуникација со различни категории на граѓани; демонстрирање на ефективна комуникација (воспоставување контакт, активно слушање, техника на комуникација со која се избегнува конфликт и постигнува соработка);разликување на асертивна од агресивна комуникација ; запознавање со техниката на водење на разговор- интервју и усвојување на правила за водење на разговор со осомничениот и со сведокот; усвојување на правилата за водење на разговор со жртва на кривично дело на начин кој нема дополнително да ја трауматизира; усвојување на правилата за водење на разговор со припадниците на ранливи групи (деца, стари лица, жени, менатално болни, лица со посебни потреби).

***Меѓународно хуманитарно право (3 ЕКТС)***

Статусот на Република Македонија како земја кандидат за влез во НАТО, како и присуството на припадници на македонските оружени сили и полицијата во мисиите на НАТО и во мировните мисии на ООН, ја актуелизираат потребата од изучувањето на правилата и нормите на Меѓународното хуманитарно право. Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со содржината на одредбите од меѓународните договори и со основните принципи на МХП, како и да овладеат со потребните знаења и вештини потребни за решавање на практични прашања од областа на Меѓународното хуманитарно право. Тие детално ќе се запознаат со клучните прашања што произлегуваат од МХП за службените лица што го спроведуваат законот во демократските држави, при одржувањето на јавниот ред во ситуација на меѓународни и внатрешни оружени конфликти, како и со одредбите на МХП кои ги определуваат воените злосторства, злосторствата против човечноста и злосторството на геноцид.

***Справување со конфликти (3 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да се стекнат со знаења за природата на конфликтите, нивната варијабилност, причините и условите за појавување на конфликти, начинот за трансформација, спречувањето и превенирањето на различните форми на конфликти и спорови, како и улогата на колективните системи за безбедност на ЕУ, НАТО и ООН со справувањето на конфликтите и одржувањето на мирот и безбедноста.

## *КРИМИНАЛИСТИЧКО - КРИМИНОЛОШКА НАСОКА*

## Семестар 7

### ***Методика на истражување на економско – финансиски криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување знаења за појавните облици и форми на економско – финансиски криминалитет како и знаења и способности за откривање, расветлување и докажување на економско – финансиските кривични дела, идентификација на сторителите и својствата на сторителите поврзани со нивната функција, должност или дејност – професија, обезбедување на информации, водење на криминалистичка и финансиска истрага, податоци за видот и висината на криминалните приноси и преземање на мерки и дејствија за нивно обезбедување, замрзнување и конфискација.

### ***Методика на истражување на компјутерски криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување на знаења за појавните облици и форми на компјутерски криминалитет, компјутерските системи како објект и средство на компјутерски криминал, потребата од меѓународна соработка и водење на заеднички случаи, законски мерки и дејствија, специфичниот процес на соработка и задолжителниот тимски начин на работа при расветлување и обезбедување на компјутерски или електронски доказен материјал, подготовка на судски прифатлив доказен материјал и улогата и значењето на соработката со Јавниот обвинител.

### ***Пенологија (6 ЕКТС)***

Запознавање на студентите со историјата на пенолошката мисла и практика, нејзиното место во правниот систем на државата, видовите на општествена реакција на екцесните поведенија и на криминалните однесувања на поединци, оправданоста и целите на санкциите, изрекување и извршување на казната лишување од слобода, затвореничко општество, правата на лицата лишени од слобода, постпенална помош.

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да може да ги:

- *опише* придобивките на цивилизацискиот развој на општеството во контекст на еволуцијата и хуманизирањето на санкциите, а посебно на најзастапената, казната затвор;
- *објасни* основните принципи на современите пенитецијарни системи (посебно опсервацијата и класификацијата, одн. категоризацијата на пенитенцијарните установи, согласно принципот на индивидуализација)
- *објасни* принципите на извршувањето на санкциите според позитивното законодавство на Р. Македонија;
- *познава и идентификува* правата, погоднос- тите иодговорностите на осудените лица предвидени со меѓународните документи и имплемнтирани во позитивното законодавство;
- *воочи и разграничи* специфичностите во извршувањето на конкретните кривични санкции согласно Законот за извршување на санкциите.

### ***Полиција и јавност (6 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да стекнат знаења за функцијата и значењето на цивилното општество (јавноста) во релација со полицијата како општествена институција и орган на државната управа; Да се запознаат со предизвиците и важноста на остварените комуникации и воспоставени односи на соработка и доверба помеѓу полицијата и: граѓаните, општествените, социјалните, етничките и маргинализираните групи, граѓанските здруженија, интересовните групи и политичките партии, синдикалните организации, професионалните комори, приватните агенции за обезбедување и заштита, образовните институции, медиумите и др.

***Основи на безбедноста  во сообраќајот (6 ЕКТС)***

Цели на програмата се утврдување, проширување и продлабочување  на знаењата кај студентите за безбедноста во сообраќајот (патен, железнички, воден и воздушен) стекнати во претходното образование и оспособување со компетенции за практична и стручна примена при остварување на безбедносните дејности и задачи во одделните видови на  сообраќај.

***Судска медицина (6 ЕКТС)***

- Запознавање на учесниците со основите на судската медицина
- Значење, вредност и индикации за судсткомедицинска обдукција
- запознавање со основните карактеристики на механички, физички, хемиски повреди
- квалификација на телесни повреди

***Економија на криминал (6 ЕКТС)***

Оваа предметна програма се занимава со основните концепти на економијата и криминологијата. Студентите ќе бидат подготвени да одговорат на прашањата кои се основните концепти на економијата, ќе бидат способни да прават анализа  на причините и последиците од криминалот преку анализа на илегалните пазари, даночната политика, сивата економија, перење пари. Познавањето на економското мерење на криминалот ќе им овозможи и познавање на влијанието на криминалот врз другите аспекти на економски живот, вклучувајќи го образованието, здравствената грижа, пазарот на труд.

***Ресторативна правда (6 ЕКТС)***

Да се оспособат студентите за новиот ресторативен пристап во одговор на криминалот преку мирно решавање на кривичните спорови со вклучување на жртвата и на заедницата во нивното решавање.

**Задачи и очекувани резултати:**

**а) Знаења и разбирања:**

Запознавање на студентите со концептот на ресторативна правда, како нетрадиционален начин на справување со криминалот и разликување меѓу ретрибутивна и ресторативна правда и

Разбирање на принципите и целите на ресторативната правда и прифаќање на ресторативните модели и практики

**б) Вештини:** Развивање на студентите вештини и компетенции за примена на постапката на медијација меѓу жртва и сторител како нов начин на справување со криминалот, како и вештини за застапување и придобивање на улогата на заедницата во решавање на кривичните дела надвор од казненоправниот систем

***Методика на истражување на организиран криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување на основни знаења за кривичните дела од областа на организираниот криминал, за нивните појавни форми, облиците во кои се пројавуваат и начините на справување со истите. Преку тоа истите ќе бидат способни низ процесот на нивното интегрирање во општествените текови да помогнат во разграничување на облиците од класичниот криминалитет и облици  на организираниот криминалитет. Оспособеност за изнаоѓање и преземање на најсоодветните методи и средства за расфетлување на тој тип на кривични дела.

кои знаења ќе се применуваат во оперативно-практичното работење со успешно откривање и превенирање на кривичните дела од областа на  организираниот криминал

***Криминалистичка оператива(6 ЕКТС)***

Студентите ќе се стекнат со знаења за примената на криминалистичкото оперативно работење, непосредните активности на пронаоѓање, идентификување, толкување и преземање на активности на разјаснување на конкретни кривични настани анализа на разузнавачките податоци и изработката на разузнавачки тактички или стратешки анализи. Преку тоа ќе бидат способни да ги применуваат во пракса проактивните и реактивните начини и техники се во функција на откривање, попречување и оневозможување на криминалните активности.

***Безбедносен менаџмент(6 ЕКТС)***

Стекнување со основни и напредни знаења за менаџментот како наука, а посебно примена на менаџментот во безбедносните институции. Преку безбедносниот менаџмент до изнаоѓање на решенија за конкретни безбедносни проблеми како и за решавање на конкретни безбедносни ситуации. Реализирање на безбедносните функции преку кои се одржува потребното ниво на безбедност.

***Кризен менаџмент(6 ЕКТС)***

Со предметната програма студентите треба да се стекнат со основните знаења од областа на кризниот менаџмент и да ја разберат целовитоста на процесот на управување со кризи; да стекнат способност за предвидување и анализа на потенцијалните опасности и планирање и примена на основните алатки на кризниот менаџмент во државните институции, стопанските организации и непрофитните институции.

***Безбедносни политики (6 ЕКТС)***

Стекнување основни знаења за поимот, улогата и значењето на безбедносната политика
Разбирање на современите основи и концепти за создавање и водење успешна безбедносна политика кај нас и во светот
Изучување на безбедносните закани (вклучително и асиметричните, традиционалните и нетрадиционалните) и предизвици во функција на подобро разбирање на современото конципирање и водење на безбедносна политика во домашни рамки и во светот
Стекнувањето на знаења базирано врз комапративен и аналитички пристап во разбирањето на безбедносните политики на Република Македонија, некои европски земји и земји од регионот, ЕУ, НАТО и САД
Здобивање со знаења со кои ќе придонесе подобро да се разбере потребата за постоење на сеопфатна безбедносна политика
Оспособување за примена на најсоодветните мерки, инструменти и активности за осмислување, создавање и водење безбедносна политика

***Прекршочно право (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма: Стекнување општи знаења од прекршочното право и прекршочната постапка

## Семестар 8

### ***Малолетничка делинквенција  и криминал на штета на деца (6 ЕКТС)***

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да :

- може да ги објасни главните теоретски и практични концепти на малолетничката делинквенција, како и можноста за превенирање на штетните последици од криминализацијата на малолетните лица;
- може да ја објасни феноменологијата и етиологијата на малолетничката делинквенција
- може да ја разбере суштината на новиот модел на малолетничка правда инкорпориран во Законот за малолетничка правда инивната нова улогаи однос спрема малолетните лица  во конфликт со законот.
- се стекне со елементарни вештини за соодветно постапување со малолетници во конфликт со законот
- се оспособат да ја разбират посебната положба на децата/малолетниците во казнено-правниот систем (како сторители и како жртви) и значењето на овие знаења за полициското постапување
- го сфати значењето и да се оспособи за учество во превенцијата на оваа појава
- се сензибилизира во однос на децата како жртви на криминал
- ја сфати нивната специфична положба и потребата од помош и заштита
- ја сфати својата улога во постапувањето со оваа ранлива група
  се стекне со основни знаења и вештини за постапување со оваа ранлива група.

### ***Тероризам и Методика на истражување на тероризмот (6 ЕКТС)***

Надоградување на познавањата за тероризмот, за неговите појавни форми, опасностите од него и начините на справување со него. Преку тоа истите ќе бидат способни низ процесот на нивното интегрирањ ево општествените текови да помогнат во идентификувањето на подготвителните активности, појавните форми и начините за реализација на терористички акт во функција на превентивно делување да не дојде до реализација на замислените активности од страна на терористите и нивните помагачи, како и постапување во ситуации по извршен терористички акт во функција на спасување на жртвите и откривање на извршителите.

### ***Недозволена трговија со дрога (6 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за видовите droги, нивното влијание на човечкиот организам, недозволената трговија со дрога и методите на отркивање на овој вид на криминалитет. Врз основа на овие знаења студентите ќе бидат во можност да креираат методика за сузбивање на овој вид на криминал и стратегија за контрола на криминалот со дрога.

### ***Безбедносни стратегии и менаџмент (6 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за безбедносните стратегии (националните стратегии и националните акциони програми), за менаџментот како наука и за менаџметот во безбедносните институции.

***Односи со јавноста (6 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е студентите да стекнат комуникациски вештини за комуникација со надворешната (граѓаните, медиумите и др.) и внатрешната (колеги, претпоставени и др.) јавност; да се запознаат со начините за управувањето со комуникациите и информациите во рамките на државните органи од безбедносниот систем, посебно со односите со јавнота во министерствата за внатрешни работи.

***Современи безбедносни системи(6 ЕКТС)***

Steknuvawe na osnovni znaewa od oblasta na структурата на безбедносните системи, потенцијалните ризици, закани, конципирање и функционирање на безбедносните системи во змејите од опкружувањето како и позначајните светски безбедносни системи

***Сообраќајна криминалистика(6 ЕКТС)***

Цели на предметот е студентите да се стекнат со продлабочени интердисциплинарни знаења за етиолошко-феноменолошките карактеристики на сообраќајните деликти - несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај и да се оспособат со компетенции за ефикасна и ефективна работа при планирањето и реализирањето на криминалистичко-форензичкото истражувањето и обработка на местото на настанот на сообраќан деликт/несреќа, а со тоа и за ефикасна превенција кон сообраќајните деликти-несреќи.

***Интегрирано гранично управување (6 ЕКТС)***

Стекнување на осовни и напредни знаења за интегрираното гранично управување и соработката што ја остваруваат надлежните органи, студентите ќе бидат способни да ги набројат институциите вклучени во процесот на интегрирано гранично управување, ќе ги дефинираат најкарактеристичките мерки и активности кои ги преземаат државните органи и агенции во остварувањето на ИГУ, ќе ги разберат програмите и активностите на европските агенции и тела за ИГУ и со дополнителна надградба ќе применуваат дел од таквите активности во понатамошната работа.

***Полициски менаџмент(6 ЕКТС)***

Студентот располага со основните знаења од теоријата на менаџментот. Ги познава основите на раководењето со полицијата и полициската организација, ги познава основните принципи на управувањето со полицијата. Ги распознава и знае нивоата на полициска организација и умее, согласно таквата структура да ги примени принципите на менаџирање и знае која докумантација се изработува за проценка на ситуацијата, планирањето на активностите и посебно во организирањето и спроведувањето на активностите.

***Корупцијата и организираниот криминал (6 ЕКТС)***

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- ги разбере и разграничува основните типови и облици на организиран криминал
- ги разбере и препознава условите, факторите и причините за појавата на организиран криминал
- ги разбере и препознава условите, факторите и причините за појавата на корупција
- ги препознава видовите, посебните типови и облици на корупција
- ги разликува конвенционалните од неконвенционалните типови на корупција

- ја разбере суштината и препознае потребата на системско-стратешкиот пристап за борба против Организиран криминал и корупција
  ја разбере суштината и препознае потребата од квалитативно нова стратегија за порба против Организиран криминал и корупција

***Безбедносни стратегии (6 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за безбедносните стратегии (националните стратегии и националните акциони програми), да можат активно да учествуваат во изготвување и имплементирање на стратегиите, да препознаваат активности за дефинирање на вредности, нивно загрозување и начини за справување со истите, за менаџментот како наука и за менаџментот во безбедносните институции.

***Контрола на безбедносен сектор (6 ЕКТС)***

Потребата за целосна заштита на човековите слободи и права наложува професионалност, транспарентност и отчетност на институциите во рамки на безбедносниот систем. Надоградување на познавањата за функциите на безбедносниот менаџмент. Студентите ќе бидат способни да ги оценуваат и да ги вреднуваат активностите на припадниците на безбедносниот систем. Тие ќе се запознаат со генералната состојба и идните перспективи на контролата и надзорот врз безбедносниот систем на Република Македонија преку облиците на формална и неформална контрола и надзор кои се спроведуваат.

***Криминална политика (6 ЕКТС)***

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- го определи местото на криминалната политика во системот на кривичноправните науки и односот со другите сродни науки;
- ја разбере суштината и значењето на основните криминалнополитички начела и нивната поврзаност и условеност од основните човекови права и слободи;
- ги идентификува основните компоненти/ области (превентивна и репресивна) на криминалната политика и да ја согледа потребата од нивна избланасираност;
- разбере дека превенцијатае условена и треба да се прилагодува на спецификите наразличните типови на криминалот;
  има критички став кон некои „нови“ тенденции на криминалната политка кои во суштина значат враќање на старите и веќе познати методи на криминалната политика карактеристични за недомократските/ тоталитаристички општерства.

***Тактика на работа на разузнавачка служба и служба за безбедност и контраразузнавање (6 ЕКТС)***

